Врз основа на член 48 став 1 од Статутот на Македонската Традиционална Карате Федерацијата, Извршниот одбор, на седницата одржана на 22.03.2019 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## наградување на државните репрезентативни селекции на Република Северна Македонија

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат и уредуваат составот, изборот, финансирањето и наградувањето на репрезентативците и тренери, селектори на државните репрезентации на Македонска Традиционална Карате федерацијата (во понатамошниот текст МТКФ).

Член 2

Тренери-селектори на државната репрезентација се стручни лица на МТКФ со индивидуални права и одговорности пред Извршниот одбор и истите се надлежни за подготовка на репрезентацијата на Република Северна Македонија во сите возрасни категории. (во понатамошниот текст – Тренери-селектори на државна репрезентација).

Член 3

Мандатот на Тренерите-селекторите на државната репрезентација трае 4 години, а Извршниот одбор на МТКФ може да врши измени и пред истекот на овој период по сопствена оценка.

Член 4

Традиционалниот карате спорт на Република Северна Македонија, на сите меѓународни натпревари го претставува државна репрезентација составена од каратисти регистрирани во МТКФ.

Сите официјални настапи на репрезентацијата се утврдуваат со годишната програма за меѓународни настапи и Календарот на МТКФ, Балканската, Европската и Интернационалната традиционална карате федерација, која на предлог на Стручниот совет ја донесува Извршниот одбор на МТКФ.

Карате репрезентациите на Република Северна Македонија непосредно ги раководат Тренери-селектори на државната репрезентација кои за својата работа и резултати му одговараат на Извршниот одбор на МТКФ.

Член 5

Извршниот одбор на МТКФ по предлог на Стручниот совет на секој Тренер-селектор на државна репрезентација му назначува стручен тим (помошници, лекар, психолог, физиотерапевт и сл.) кој му помага при реализацијата на утврдената програма.

Член 6

Репрезентациите на МТКФ учествуваат на Балканските, Медитеранските, Европските и Светските првенства организирани од БТКФ, ЕТКФ и ИТКФ.

## 2. ДРЖАВНИ КАРАТЕ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

Член 7

Државните карате репрезентации се организираат на следниот начин:

1 репрезентација за сениори, сениорки во кумите,кого-кумите,кати,фукуго и енбу индивидуално и тимски,
2 репрезентација за младинци во кумите,кого-кумите,кати,фукуго и енбу индивидуално и тимски,
3 репрезентација за јуниори во кумите,кого-кумите,кати,фукуго и енбу индивидуално и тимски,
4 репрезентација за кадети во кумите,кого-кумите,кати,фукуго и енбу индивидуално и тимски,
5 репрезентација за деца од 6-13 г. во џиу-ипон кумите, кихон кумите, кати, фукуго,енбу и кихон индивидуално и тимски.

По правило за секоја репрезентација Извршниот одбор на МТКФ избира по еден Тренер-селектор на државна репрезентација, а по потреба и негови помошници. По сопствена процена Извршниот одбор може да спои две репрезентации во една или пак за една репрезентација да избере два Тренери-селектори на државна репрезентација.

Член 8

Изборот на карате репрезентативците за соодветна репрезентација се темели на следните критериуми за избор:

- постигнати резултати на државни шампионати;
- постигнати резултати на Балкански, Европски и Светски првенства;
- постигнати резултати на државните изборни турнири;
- степен на психофизичка, техничкотактичка подготвеност искажана преку соодветни тестирања,семинари и подготовки;
- одговорност и дисциплинираност при извршување на поставените задачи.
- моментална здравствена состојба

Член 9

Статусот на репрезентативец за соодветна репрезентација се добива според критериумот за избор на репрезентативци донесен од страна на ИО на МТКФ, кои се составен дел на овој Правилник.

Член 10

Списоците на националните репрезентации претставуваат јавен документ и јавно се соопштуваат и истите се објавени на ВЕБ страната на МТКФ.

Член 11

За натпреварите во екипна конкуренција тренерот-селекторот на државната репрезентација има дискреционо право да го состави тимот, од расположливите натпреварувачи кои учествувале во вториот циклус на избор од тековната година, согласно критериумите за избор на репрезентативци.

## 4. ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Член 12

Тренерите-селекторите на државна репрезентација доставуваат свои планови и програми до Стручниот совет и канцеларијата на МТКФ, најдоцна до првата недела на декември за наредната календарска година, а Стручниот совет предлог програмата, за работа на репрезентативните селекции за нараедната година, да достави до ИО, најдоцна до третата недела од декември.

Член 13

Планот и програмата мора да содржат официјални подготовки на државните репрезентации како и подготвителни натпреварувачки активности за официјалните натпревари.

Член 14

Сите активности кои се однесуваат на репрезентативните селекции и се одобрени од страна на Извршниот одбор на МТКФ, мора да се внесат во календарот на активности на МТКФ.

## 5. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 15

Покана за репрезентативна активност на репрезентативецот се доставува исклучиво до клубот преку канцеларијата на МТКФ.

Член 16

Рок за доставување на информаците до клубовите е најмалку 15 дена пред планираната акција.

Исклучок во доставувањето на информациите може да се направи во специјални случаи и истите може да се доставатат 7 дена пред планираната акција.

## 6. ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 17

Извештаи и анализи Тренерите-селекторите на државна репрезентација доставуваат до Стручниот совет и канцеларијата на МТКФ најдоцна 15 дена по завршената активност.

Активностите кои се однесуваат на официјалните меѓународни настапи под името на МТКФ треба да бидат снимани од лице задолжено исклучиво за таа задача.

Член 18

Снимките се од јавен карактер и истите и припаѓаат на МТКФ и можат да бидат користени во функција на контрола на успешноста на натпреварувачите и тренерскиот тим од страна на стручните тела на МТКФ.

Член 19

За целта наведена во членовите 18 и 19, во роковите предвидени во член 17 Тренерот-селекторот на државна репрезентација е должен на стандардизирани обрасци да достави статистички податоци аргументирани од снимениот видео материјал.

Член 20

Овие податоци ќе бидат користени за формирање на банка на спортски резултати и стручни анализи.

Член 21

Стандардизираните обрасци се пополнуваат за секој репрезентативец посебно со следната содржина:

-вкупен број на освоени поени;

-вкупен број на загубени поени;

-заработени поени од казни на противникот;

-загубени поени од сопствени казни;

-време кога се извршени промените на резултатот во текот на борбата;

-Дали и како ја спроведува поставената тактика на тренерот селекторот (прозволна оценка на тренерот-селекторот на државната репрезентација);

-Редовноста и залагањето на тренинзите (врз база на контролен картон)

Член 22

Овие обрасци се достапни во канцеларијата на МТКФ и истите се стандардизирани со одлука на ИО на МТКФ.

Резултатите од оваа збирка на официјални спортски резултати во текот на годината ќе бидат системски складирани во личниот картон (достапен за увид само на соодветен орган: Стручен Совет, соодветен Тренер-селектор на државна репрезентација, Канцеларија на МТКФ) на репрезентативецот на официјалниот веб сајт на МТКФ. Овие податоци ќе бидат сумирани системски во стандардизирани прегледи за картонот по секој настап, и ќе бидат користени за проценка на успешноста и носат квантификација на учинокот како и евалуација на секој поединец посебно.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ

Член 23

За репрезентативци/ки кои имаат освоено медал на ЕП и СП во сениорска конкуренција, Агенцијата за Млади и спорт на РСМ треба да им додели

стипендија од меѓународен ранг согласно категоризацијата за врвни спортисти на РСМ.

Член 24

За освојување на медал на Европско или Светско првенство во екипна или поединечна конкуренција, Агенцијата за Млади и спорт на РСМ треба да им додели стипендија од меѓународен ранг согласно категоризацијата за врвни спортисти на РСМ.

Член 25

ИО на МТКФ со одлука може да ги награди натпреварувачите и другите лица кои постигнале врвен резултат, а се од посебно значење на МТКФ, на предлог на тренерот-селектор и Стручниот совет.

Одлука за награда, надомест за стручната работа и исплата на дневници на Тренери-селектори на државна репрезентација и други официјални лица донесува Извршниот одбор на МТКФ.

Член 26

За освојување на медал на државно,Балканско ,мелитеранско, Европско или Светско првенство во екипна или поединечна конкуренција, Агенцијата за Млади и спорт на РСМ треба да им додели стипендија од Спортска надеж согласно категоризацијата и ранг листата на МТКФ.

Спортист категорија спортска надеж го одобрува ИО на МТКФ за спортисти на возраст до 19 години.

Спортист спортска надеж не може да биде избран повеќе од 3 пати за стипендијата што ја дава АМС.

## 8. СЛУЖБЕНА ОПРЕМА

Член 27

За сите Тренери-селектори на државна репрезентација и државните репрезентативци на официјалните подготовки и натпревари е задолжително да настапуваат во пропишана спортска опрема од МТКФ.

Член 28

За сите Тренери-селектори на државна репрезентација и државните репрезентативци е задолжително носењето на свечена официјална облека од МТКФ доколку за тоа има потреба (официјални вечери, приеми и сл).

## 9. ИЗБОР НА ТРЕНЕРИ СЕЛЕКТОРИ НА ДРЖАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 29

Тренерите-селекторите на државна репрезентација ги избира ИО на МТКФ врз основа на предлог од Стручниот совет по објавен интерен конкурс според правилникот за избор на Тренери-селектори на државна репрезентација донесен од страна на ИО на МТКФ.

## 10.СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ

Член 30

Спортските ваучери се добиваат врз основа на апликација на Македонската Традиционална Карате Федерација до Агенцијата за млади и спорт на РМ врз основа на номинација на МТКФ на основ редовните активности на федерацијата и активноста на нејзините членки спортски карате клубови како и номинација на активните спортисти членови на карате клубови на федерацијата.

Член 31

Добиените спортски вредносни ваучери за федерацијата, активните клубови и спортисти се исклучиво наменети за наменско користење за спортиските активности во наредниот период според календарот на МТКФ, а по реализирањето на истите федерацијата поднесува извештаи до надлежните институции за наменско искористување на сресвата.

Член 32

Реализацијата на ваучерите е секоја година до крај на тековната година ,а во колку спортските ваучери до крај на тековната година не се реализираат истите се поништуваат.

Член 33

Реализираните ваучери се користат исклучиво наменски. Клубовите редвно доставуваат извештај до МТКФ за наменската искористеност на сресвата добиени по основ на ваучерите. Спортските ваучери доделени на име на спортист може да го користи исклучиво спортистот на чие име гласи ваучерот и истиот не може да биде искористен од друг спортист. Во случај на неискористеност на средствата од ваучерот од страна на спортистот, сресвата остануваат во МТКФ.

Член 34

Клубовите се должни редовно за секоја тековна година да доставуваат до МТКФ извештаи за наменски искористените сресва од ваучерите и извештаи за активност на номираните спортистите.

Член 35

МТКФ по комплетирање на извештајот го доставува донадлежните институции.

За НЕ намски искористување на ваучерите МТКФ презема мерки и пријавува до надлежните институции.

Член 36

Во колку клубот мигрира без согласност на федерацијата во друга карате национална и меѓународна федерација ,клубот е должен да ги врати сите средства добиени од ваучери при номинацијата на матичната федерација, како и други трошоци како оштета на матичната федерацијата.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Сите преставници на МТКФ во своите официјални активности мораат во потполност да ги почитуваат правилата на МТКФ, ИТКФ и ЕТКФ.

Член 38

Во случај на непочитување на пропишаните норми, секој поединец ќе сноси дисциплински одговорности во склад со нормативните акти на МТКФ.

Член 39

Толкување на одредбите од овој правилник дава Извршниот одбор на МТКФ.

Член 40

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

Член 41

Овој правилник стапува во сила со денот на негово донесување.

Проф. Венцислав Недев

Претседател,